# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Петок 12 септември 2014 год.** | **Уредува:** |
| | **ПЕХЧЕВО** | **Стручна служба при** |
| **Излегува по потреба** | **Бр.04 Год.2014** | **Општина Пехчево** |
| **Гласникот е бесплатен** | | **тел. (033)441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево (,,Сл.Гласник на општина Пехчево,, бр.04/2009), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 03.09.2014 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за донесување на Регионален план за управување со отпад во Источен плански регион;
2. Одлука за избор на проект предложен преку спроведувањето на Форум на заедницата на Општина Пехчево;
3. Одлука за кофинансирање на проектот: “Изградба на пречистеителна станица за отпадни води (ПСОВ) за с.Црник”;
4. Одлука за усвојување на договор за обезбедување на услуги за водоснабдување и канализација во единицата на локалната самоуправа на Општина Пехчево;
5. Одлука за основање на комисија која ќе врши проценка на штети од елементарни непогоди;
6. Одлука за изменување на одлуката за основање на комисија која ќе врши проценка на полски штети;
7. Одлука за давање на согласност на одлуката на Управниот одбор на ЈКП-Комуналец-Пехчево за намалување на надоместокот за плаќање на штета за физички и правни лица кои само (доброволно, по своја иницијатива) пријават див приклучок;
8. Одлука за давање на согласност на одлуката на Управниот одбор на ЈКП Комуналец за висина а цена на ефективен час работа со Моторна пумпа за црпење на вода ТИП МЗТ, погонски мотор ,,Ивеко,, при користење од трети физички и правни лица;
9. Одлука за усвојување на извештајот за извршени работи на ЈКП Комуналец за 2013 година;
10. Одлука за определување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот отпад во руралните средини во Општина Пехчево;
11. Одлука за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;
12. Одлука за отпочнување постапка за ДУП за с.Негрево;
13. Одлука за усвојување на извештајот за работата на ООУ ,,Ванчо Китанов,,-Пехчево за учебната 2013/2014 година;
14. Одлука за избор на добитници на наград ,,7 Септември,, за 2014 година;
15. Одлука за усвојување на Финансискиот извештај на ЗДК Млади во движење за Фестивалот на дувачки оркестри Пехчевски Павловден 2014.

*Број 08-1468/1*
*11.09.2014 год.*
*Пехчево*

*Градоначалник на*
*Општина Пехчево*
*Игор Поповски с.р.*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево,, бр.04/2009), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за донесување на Регионален план за управување со отпад во Источен плански регион

Се ОБЈАВУВА одлуката за донесување на Регионален план за управување со отпад во Источен плански регион, што Советот на општината ја донесе на седницата одржана на ден 03.09.2014 година.

***Број 08 -1468/1***
***11.09.2014 год.***
***Пехчево***

***Градоначалник на***
***Општина Пехчево***
***Игор Поповски с.р.***

Врз основа на член18-а став 1 од Законот за правување со отпад („Службен весник на РМ" бр.68/04, 197/07,102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12 и 163/13), како и врз основа на член 30 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчебо бр.04/09), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 03.09.2014 донесе:

**Одлука**
**за донесување на Регионален план за управување со отпад во Источен плански регион**

1. Се донесува Предлог-Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион
2. Предлог-Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион е составен дел од Проектот Подготовка на регионални планови за управување со отпад и стратегиски оцени на животната средина за Источен и Североисточен регион со број EuropeAid/130400/D/SER/mk, финансиран од Европската Унија а изработен од Enviroplan S.A и конзорциумките партнери.
3. Покрај општините од Источен, плански регион, кои вооедно припаѓаат и на регионот за управување со отпад, според планот за управување со отпад на Република Македонија, во идната планска и друга документација за регионалното управување со отпад , се приклучува и Општина Свети николе, врз основа на Одлука бр.0701-305 од 25.04.2014 година на советот на општина Свети Николе, Одлука број 01-1/2 од 28.03.2014 година на Регионалниот одбор за управување со отпад во Источен плански регион а по претходна Согласност број 1-11888/2 од 23.12.2013 година од Министерството за животна средина и просторно планирање.
4. Со регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион се уредуваат и усогласуваат заедничките цели во управувањето со отпадот на регионално ниво, во согласност со Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија.
5. Одлуката влегува во сила со нејзиното донесување.

***Број 07-1450/1***
***11.09.2014год.***
***Пехчево***

***Совет на Општина Пехчево***
***Претседател,***
***Стојче Стефановски с.р***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево,, бр.04/2009), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за избор на проект предложен преку спроведувањето на Форум на заедницата на Општина Пехчево

Се ОБЈАВУВА одлуката за избор на проект предложен преку спроведувањето на Форум на заедницата на Општина Пехчево што Советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 03.09.2014 година.

***Број 08 -1468/1***
***Градоначалник на***
***03.09.2014 година***
***Општина Пехчево***

***Пехчево*** ***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.05/02), Советот на Општина Пехчево на седница одржана на 18.08.2014 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на проект предложен преку спроведувањето на Форум на заедницата во општина Пехчево**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на општина Пехчево го потврдува изборот на проектот "Изградба на пречистителна станица за отпадни води за с. Црник" за имплементација избран преку спроведување на Форум на заедницата како форма за јавно учество на граѓаните во донесувањето на одлуки на локално ниво.

**Член 2**

Проектот "Изградба на пречистителна станица за отпадни води (ПСОВ) за с. Црник" е избран во рамки на II – от повик за мали инфратруктурни проекти од страна на Проектот за управување со речниот слив на Брегалница.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

***Број 07-1451/1***
***11.09.2014год.***
***Пехчево***

***Совет на Општина Пехчево***
***Претседател,***
***Стојче Стефановски с.р***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево,, бр.04/2009), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување Одлуката за кофинансирање на проектот: “Изградба на пречистеителна станица за отпадни води (ПСОВ) за с.Црник

Се ОБЈАВУВА одлуката за кофинансирање на проектот: “Изградба на пречистеителна станица за отпадни води (ПСОВ) за с.Црник што, советот на општината ја донесе на седницата одржана на ден 03.09.2014 година.

***Број 08-1468/1***
***03.09.2014 година***
***Пехчево***

***Градоначалник на***
***Општина Пехчево***
***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.05/02), Советот на Општина Пехчево на седница одржана на 03.09.2014 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за кофинансирање на проектот: "Изградба на пречистителна станица за отпадни води (ПСОВ) за с. Црник"**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на општина Пехчево да учествува во кофинсирањето на проектот "Изградба на пречистителна станица за отпадни води за с. Црник" во висина од минумум 16,7% од вкупната вредност на проектот во согласност со критериумите за учество од II - от повик за мали инфраструктурни проекти на Проектот за управување со речниот слив (ПУРС) на Брегалница.

**Член 2**

Проектот "Изградба на пречистителна станица за отпадни води (ПСОВ) за с. Црник" е избран преку примена на партиципативен приод од страна на граѓаните и организација на "Форуми на заедниците", односно со реализација на две форумски сесии и една работилница.

**Член 3**

Средствата потребни за кофинансирање на проектот ќе се обезбедат од Буџетот на општина Пехчево, Програма ЈИ – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

*Број 07-1452/1*
*11.09.2014 година*
*Пехчево*

*Совет на Општина Пехчево*
*Претседател,*
*Стојче Стефановски с.р.*

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево,, бр.04/2009), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за усвојување на договор за обезбедување на услуги за водоснабдување и канализација во единицата на локалната самоуправа на Општина Пехчево

Се ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на договор за обезбедување на услуги за водоснабдување и канализација во единицата на локалната самоуправа на Општина Пехчево, што Советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 03.09.2014 година.

*Број 08-1468/1*
*11.09.2014 година*
*Пехчево*

*Градоначалник на*
*Општина Пехчево*
*Игор Поповски с.р.*

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.04/09), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 03.09.2014 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на договорот за обезбедување на услуги за водоснабдување и канализација во единицата на локалната самоуправа на општина Пехчево**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево го усвојува Договорот за обезбедување на услуги за водоснабдување и канализација во единицата на локалната самоуправа на општина Пехчево.

**Член 2**

Договорот за обезбедување на услуги за водоснабдување и канализација во едниците на локалната самоуправа на општина Пехчево е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.Гласник на општина Пехчево.

***Број 07-1456/1*** ***Совет на Општина Пехчево***
***11.97.2014 год.*** ***Претседател***
***Пехчево*** ***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево,, бр.04/2009), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за основање на комисија која ќе врши проценка на штети од елементарни непогоди

Се ОБЈАВУВА одлуката за основање на комисија која ќе врши проценка на штети од елементарни непогоди што Советот на општината ја донесе на седницата одржана на ден 03.09.2014 година.

***Број 08-1468/1*** ***Градоначалник на***
***11.09.2014 год.*** ***Општина Пехчево***
***Пехчево*** ***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 36 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.04/09), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 03.09.2014 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за формирање на комисија која ќе врши проценка на штети од елеметарни непогоди**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево донесе одлука со која се формира комисија која ќе врши проценка на штети од елементарни непогоди.

Проценката ќе се врши со увид на лице место, а после извршената проценка се изготвува елаборат.

**Член 2**

За членови на комисијата советот на Општина Пехчево ги назначува:

1. Милева Кепевска-член
2. Слаѓана Бојчовска-член
3. Маријана Велковска-член

**Член 3**

Мандатот на комисијата е 4 години, а за својата работа имаат право на надоместок од општина Пехчево, а за висината на надоместокот одлучува градоначалникот на општина Пехчево.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.гласник на општина Пехчево.

***Број 07-1455/1*** ***Совет на Општина Пехчево***
***11.09.2014 год.*** ***Претседател,***
***Пехчево*** ***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево,, бр.04/2009), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлуката за изменување на одлуката за основање на комисија која ќе врши проценка на полски штети

Се ОБЈАВУВА Одлуката за изменување на одлуката за основање на комисија која ќе врши проценка на полски штети што Советот на општината ја донесе на седницата одржана на ден 03.09.2014 година.

***Број 08-1468/1*** ***Градоначалник на***
***11.09.07.2014 год.*** ***Општина Пехчево***

*Пехчево* *Игор Поповски с.р.*

---

Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 36 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.04/09), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 03.09.2014 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за изменување на одлуката за формирање на комисија која ќе врши проценка на полски штети**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши изменување на одлуката за формирање на комисија која ќе врши проценка на полски штети.

**Член 2**

Се врши измена во член 2, односно на Анче Велковска и престанува мандатот поради спреченост за учество во комисијата, а на нејзино место се назначува Маријана Велковска.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави со Сл.Весник на општина Пехчево.

*Број 07-1454/1*
*11.09.2014 год.*
*Пехчево*

*Совет на Општина Пехчево*
*Претседател,*
*Стојче Стефановски с.р.*

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево,, бр.04/2009), Градоначалникот на општина Пехчево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување Одлуката за давање на согласност на одлуката на Управниот одбор на ЈКП-Комуналец-Пехчево за намалување на надоместокот за плаѓање на штета за физички и правни лица кои само (доброволно, по своја иницијатива) пријават див приклучок

Се ОБЈАВУВА одлуката за давање на согласност на одлуката на Управниот одбор на ЈКП-Комуналец-Пехчево за намалување на надоместокот за плаѓање на штета за физички и правни лица кои само (доброволно, по своја иницијатива) пријават див приклучок, што Советот на општината ја донесе на седницата одржана на ден 03.09.2014 година.

*Број 08-1468/1*
*11.09.2014 год.*
*Пехчево*

*Градоначалник на*
*Општина Пехчево*
*Игор Поповски с.р.*

---

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина, Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр04/09),Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 03.09.2014 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање на согласност на одлуката на Управниот одбор на ЈКП-Комуналец-Пехчево за намалување на надоместокот за плаќање на штета за физички и правни лица кои сами (доброволно, по своја иницијатива) пријават див приклучок**

**Член 1**

Со оваа одлука, Советот на Општина Пехчево дава согласност на одлуката на Управниот одбор на ЈКП-Комуналец-Пехчево за намалување на надоместокот за плаќање на штета за физички и правни лица кои сами (доброволно, по своја иницијатива) пријават див приклучок.

**Член 2**

Одлуката на Управниот одбор на ЈКП-Комуналец бр.07-431/1 од 08.08.2014 година е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

***Број 07-1458/1*** — ***Совет на Општина Пехчево***
***11.09.2014 год.*** — ***Претседател,***
***Пехчево*** — ***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево (,,Сл.Гласник на општина Пехчево,, бр.04/2009), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за давање на согласност на одлуката на Управниот одбор на ЈКП Комуналец за висина а цена на ефективен час работа со Моторна пумпа за црпење на вода ТИП МЗТ, погонски мотор ,,Ивеко,, при користење од трети физички и правни лица

Се ОБЈАВУВА одлуката за давање на согласност на одлуката на Управниот одбор на ЈКП Комуналец за висина а цена на ефективен час работа со Моторна пумпа за црпење на вода ТИП МЗТ, погонски мотор ,,Ивеко,, при користење од трети физички и правни лица, што Советот на општината ја донесе на седницата одржана на ден 03.09.2014 година.

***Број 08-1106/1*** — ***Градоначалник на***
***07.07.2014 год.*** — ***Општина Пехчево***
***Пехчево*** — ***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина, Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр.04/09),Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 03.09.2014 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање на согласност на одлуката на Управниот одбор на ЈКП-Комуналец-Пехчево за висина на цена на ефективен час работа со Моторна пумпа за црпење на вода ТИП МЗТ, погонски мотор „Ивеко", при користење од трети физички и правни лица**

**Член 1**

Со оваа одлука, Советот на Општина Пехчево дава согласност на одлуката на Управниот одбор на ЈКП-Комуналец-Пехчево за висина на цена на ефективен час работа со Моторна пумпа за црпење вода ТИП МЗТ. Погонски мотор ,,Ивеко", при користење од трети физички и правни лица.

**Член 2**

Одлуката на Управниот одбор на ЈКП-Комуналец бр.07-432/1 од 08.08.2014 година е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

***Број 07-1457/1*** — ***Совет на Општина Пехчево***
***11.09.2014 год.*** — ***Претседател,***
***Пехчево*** — ***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево (,,Сл.Гласник на општина Пехчево,, бр.04/2009), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на одлуката за усвојување на извештајот за извршени работи на ЈКП Комуналец за 2013 година

Се ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на извештајот за извршени работи на ЈКП Комуналец за 2013 година, што Советот на општината ја донесе на седницата одржана на ден 03.09.2014 година.

***Број 08 -1468/1*** — ***Градоначалник на***

*11.09.2014 год.* *Општина Пехчево*
*Пехчево* *Игор Поповски с.р.*

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. Гласник на општина Пехчево бр.04/09), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 03.09.2014 год. донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на извештајот за извршени работи на ЈКП-Комуналец-Пехчево за 2013 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево го усвојува извештајот за извршени работи на ЈКП Комуналец-Пехчево за 2013 година.

**Член 2**

Извештајот за извршени работи на ЈКП Комуналец-Пехчево, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник на општина Пехчево.

*Број 07-1453/1* *Совет на Општина Пехчево*
*11.09.2014год.* *Претседател,*
*Пехчево* *Стојче Стефановски с.р*

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево,, бр.04/2009), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Одлуката за определување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот отпад во руралните средини во Општина Пехчево

Се ОБЈАВУВА одлуката за определување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот отпад во руралните средини во Општина Пехчево што Советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 03.09.2014 година.

*Број 08 -1468/1* *Градоначалник на*
*03.09.2014 година* *Општина Пехчево*
*Пехчево* *Игор Поповски с.р.*

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 41 од Статутот на општина Пехчево (Сл. Гласник на општина Пехчево бр.04/09), а во врска со член 121 од Законот за управување со отпад (Сл.Весник на РМ бр.68/04,107/07,120/08,143/08,124/10,54/11,123/12,147/13,163/13) Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 03.09.2014 год. донесе:

**О Д Л У К А**
**за определување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот отпад во руралните средини во Општина Пехчево**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево определува висина на цената за собирање и транспортирање на комуналниот отпад во руралните средини во Општина Пехчево.

**Член 2**

За собирање и транспортирање на комуналниот отпад во руралните средини, во Општина Пехчево, ќе се наплаќа 90 денари месечно по домаќинство.

**Член 3**

Наплаќањето на услугата ќе започне од септември 2014 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник на општина Пехчево.

***Број 07-1459/1*** — ***Совет на Општина Пехчево***
***11.09.2014год.*** — ***Претседател,***
***Пехчево*** — ***Стојче Стефановски с.р***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево,, бр.04/2009), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавувањена Одлуката за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти

Се ОБЈАВУВА одлуката за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти што советот на општината ја донесе на седницата одржана на ден 03.09.2014 година.

***Број 08-1468/1*** — ***Градоначалник на***
***03.09.2014 година*** — ***Општина Пехчево***
***Пехчево*** — ***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 4 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти („Службен весник на Република Македонија,, бр.66/04, 55/07, 145/10 и 136/11), член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Република Македонија „ бр.5/02), и член 30 став 1 точка 23 од Статутот на општина Пехчево („Сл.гласник на општина Пехчево,, бр. 04/09), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 03.09.2014 ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За промена на имиња на улици, мостови и други инфраструктурни објекти**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево донесе одлука за промена на имиња на улици, мостови и други инфраструктурни објекти.

**Член 2**

Промените ќе бидат извршени по доставени предлози од страна на советниците и истите ќе бидат изгласани со мнозинство.

**Член 3**

Оваа одлука стапува во сила со нејзино објавување во „Сл. Гласник на општина Пехчево,,.

***Број 07-1460/1*** — ***Совет на Општина Пехчево***
***11.09.2014 година*** — ***Претседател,***
***Пехчево*** — ***Стојче Стефановски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево„ бр.04/2009), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за ДУП за с.Негрево

Се ОБЈАВУВА одлуката за отпочнување постапка за ДУП за с.Негрево, што Советот на општина Пехчево ја донесе на седницата одржана на ден 03.09.2014 година.

***Број 08-1468/1*** — ***Градоначалник на***
***11.09.2014 година*** — ***Општина Пехчево***
***Пехчево*** — ***Игор Поповски с.р.***

Врз основа на член 17а од Законот за просторно и урбанистичко планирање бр.51/05,137/07,91/09,124/10,18/11,23/11,144/12,55/13,163/13 и 42/14), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 30 став 6 од Статутот на општина Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр.04/09), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 03.09.2014 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За отпочнување на постапка за „Изготвување на Урбанистички план за село„**

**Член 1**

Се отпочнува постапка за изготвување на Урбанистички план за село Негрево.
Изготвувањето на урбанистичкиот план ќе ги разработи сите намени во опфатот како намена за домување, мало стопанство, земјоделски намени, комерцијална намена и друго.
Опфатот на изготвувањето на Урбанистичкиот план ќе се изготви врз онснова на геодетски подлоги за село Негрево и условите на планирање.

**Член 2**

Изготвувањето на Урбанистичкиот план за село Негрево од член 1 на оваа Одлука, да бидат изработени согласно Правилникот за поблиската содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистичките планови.

**Член 3**

Советот на Општина Пехчево, по донесувањето на одлуката, го задолжува Градоначалникот да поведе постапка за изготвување на планска програма за изработка на Урбанистички план за село.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Сл.Гласник на општина Пехчево.

***Број 07-1462/1*** — ***Совет на Општина Пехчево***
***11.97.2014 год.*** — ***Претседател,***
***Пехчево*** — ***Стојче Стефановски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево„ бр.04/2009), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за усвојување на извештајот за работата на ООУ „Ванчо Китанов„-Пехчево за учебната 2013/2014 година

Се ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на извештајот за работата на ООУ „Ванчо Китанов„-Пехчево за учебната 2013/2014 година, што Советот на општината ја донесе на седницата одржана на ден 03.09.2014 година.

***Број 08-1468/1*** — ***Градоначалник на***
***11.09.2014 год.*** — ***Општина Пехчево***
***Пехчево*** — ***Игор Поповски с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.04/09), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 03.09.2014 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишниот извештај за работа на ООУ „Ванчо Китанов„-Пехчево за учебната 2013/2014 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево го усвојува Годишниот извештај за работата на ООУ„ Ванчо Китанов„Пехчево за учебната 2013/2014 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за работата на ООУ ,,Ванчо Китанов„-Пехчево за учебната 2013/2014 година е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави со Службен гласник на општина Пехчево.

***Број 07-1461/1***
***11.09.2014 год.***
***Пехчево***

***Совет на Општина Пехчево***
***Претседател,***
***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа (Сл.Весник на РМ„ бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево (,,Сл.Гласник на општина Пехчево„ бр.04/2009), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување Одлуката за избор на добитници на награда ,,7 Септември„ за 2014 година

Се ОБЈАВУВА одлуката за избор на добитници на награда ,,7 Септември„ за 2014 година Советот на општината ја донесе на седницата одржана на ден 03.09.2014 година.

***Број 08-1468/1***
***11.09.07.2014 год.***
***Пехчево***

***Градоначалник на***
***Општина Пехчево***
***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.04/09), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 03.09.2014 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на добитници на наградата „7 Септември" за 2014 година**

**Член 1**

Со оваа одлука советот на општина Пехчево избирира добитници на награди и признанија за 2014 година.

**Член 2**

За добитници на наградата за ,,7-ми" Септември за 2014 година советот ги определи следните добитници:

1. Бранко Бојчовски-За најзаслужен граѓанин на општина Пехчево
2. Нова Рефрактори-најзаслужна фирма во општина Пехчево
3. Центар за лековити билки и шумски плодови ,,Амброзија''-НВО со најголем придонес и соработка со Општина Пехчево

4. КУД „Јане Сандански”-за најголем допринос и соработка со општина Пехчево
5. Здружение на пензионери-за општ придонес во општина Пехчево

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Сл.гласник на општина Пехчево.

***Број 07-1463/1***
***11.09.2014 год.***
***Пехчево***

***Совет на Општина Пехчево***
***Претседател,***
***Стојче Стефановски с.р.***

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локлана самоуправа (Сл.Весник на РМ,, бр.5/2002), и член 50 од Статутот на општина Пехчево („Сл.Гласник на општина Пехчево,, бр.04/2009), Градоначалникот на општина Пехчево донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлуката за усвојување на Финансискиот извештај на ЗДК Млади во движење за Фестивалот на дувачки оркестри Пехчевски Павловден 2014

Се ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на Финансискиот извештај на ЗДК Млади во движење за Фестивалот на дувачки оркестри Пехчевски Павловден 2014, што Советот на општината ја донесе на седницата одржана на ден 03.09.2014 година.

***Број 08-1468/1***
***11.09.2014 год.***
***Пехчево***

***Градоначалник на***
***Општина Пехчево***
***Игор Поповски с.р.***

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.04/09), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 03.09.2014 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување Финансискиот извештај за Фестивалот на дувачки оркестри, на ЗКД Млади ви движење**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево го усвојува Финансискиот извештај на ЗКД Млади во движење за Фестивалот на дувачки оркестри Пехчевски Павловден 2014 година.

**Член 2**

Финансискиот извештај на ЗКД Млади во движење е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави со Службен гласник на општина Пехчево.

***Број 07-1469/1***
***11.09.2014 год.***
***Пехчево***

***Совет на Општина Пехчево***
***Претседател,***
***Стојче Стефановски с.р.***

---

**СОДРЖИНА:**


- Одлука за донесување на Регионален план за управување со отпад во Источен плански регион……………………………………………………………………………..……………..2
- Одлука за избор на проект предложен преку спроведувањето на Форум на заедницата на Општина Пехчево…...…………………………………………………………………..…...3
- Одлука за кофинансирање на проектот: "Изградба на пречистеителна станица за отпадни води (ПСОВ) за с.Црник"…………………………………………………………………………3
- Одлука за усвојување на договор за обезбедување на услуги за водоснабдување и канализација во единицата на локалната самоуправа на Општина Пехчево…………………...4
- Одлука за основање на комисија која ќе врши проценка на штети од елементарни непогоди..5
- Одлука за изменување на одлуката за основање на комисија која ќе врши проценка на полски штети……………………………………………………………………………………………6
- Одлука за давање на согласност на одлуката на Управниот одбор на ЈКП-Комуналец-Пехчево за намалување на надоместокот за плаќање на штета за физички и правни лица кои само (доброволно, по своја иницијатива) пријават див приклучок…………………………………...6
- Одлука за давање на согласност на одлуката на Управниот одбор на ЈКП Комуналец за висина а цена на ефективен час работа со Моторна пумпа за црпење на вода ТИП МЗТ, погонски мотор „Ивеко„ при користење од трети физички и правни лица……………………………..…7
- Одлука за усвојување на извештајот за извршени работи на ЈКП Комуналец за 2013 година..8
- Одлука за определување на висината на цената за собирање и транспортирање на комуналниот отпад во руралните средини во Општина Пехчево……………………………………………8
- Одлука за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти……………………………………………………………………………………..……9
- Одлука за отпочнување постапка за ДУП за с.Негрево………………………………………10
- Одлука за усвојување на извештајот за работата на ООУ „Ванчо Китанов„-Пехчево за учебната 2013/2014 година…………………………………………………………..…….11
- Одлука за избор на добитници на награда „7 Септември„ за 2014 година……………………12
- Одлука за усвојување на Финансискиот извештај на ЗДК Млади во движење за Фестивалот на дувачки оркестри Пехчевски Павловден 2014……………………………………..………12